Врз основа на член 112 од Законот за високо образование („Службен Весник на РМ“ бр. 82/18) и одредбите од Статутот на ПВУ-ВСШ Факултет за бизнис економија од Скопје, Наставничкиот совет на седница одржана на 26.11.2020 година го усвои следниов

# П Р А В И Л Н И К
**за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв циклус стручни студии и на втор циклус специјалистички студии на Приватната високообразовна установа – Висока стручна школа ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА Скопје**
**(пречистен текст)[1]**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Правилник се уредуваат условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус стручни студии и на втор циклус специјалистички студии, организацијата на студиите, видовите на документи кои му се издаваат на студентот врз основа на евиденцијата за положени испити и завршен труд на прв циклус студии и на специјалистички студии, а кои се реализираат на ПВУ-ВСШ ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА Скопје (во понатамошниот текст: ФБЕ).

### Член 2

Првиот циклус на стручни студии и вториот циклус на специјалистички студии на ФБЕ се реализираат врз основа на акредитирани студиски програми од страна на Одборот за акредитација на високото образование на Р. Македонија, а во согласност со Законот за високото образование, подзаконските акти, Статутот и другите општи акти на ФБЕ.

---

[1] Со Одлука на Наставничкиот совет на Приватната високообразовна установа-Високата стручна школа ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА Скопје, на седница одржана на ден 26.11.2020 година, кога е усвоен и овој пречистен текст, се изврши измена и дополнување на Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв циклус стручни студии и на втор циклус специјалистички студии на Приватната високообразовна установа – Висока стручна школа ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА Скопје од 23.01.2019. Измената и дополнувањето на Правилникот е направена во членот 59, став 2.

Студиските програми од претхониот став, се реализираат во согласност со Европскиот систем за пренос и акумулација на кредити (ECTS – European Credit Transfer and Accumulation System).

**Член 3**

ФБЕ како висока стручна школа организира и изведува настава на прв циклус стручни студии, во траење од три години, односно шест семестри и стекнати 180 ЕКТС и втор циклус на специјалистички студии во траење од една година или два семестри и стекнати 60 ЕКТС.

На ФБЕ можат да се реализираат и стручни студии на прв циклус во времетраење од четири години, односно осум семестри и стекнати 240 ЕКТС, согласно решението за акредитација и решението за почеток со работа.

**Член 4**

Трошоците за студирање на прв циклус на стручни студии и на втор циклус специјалистички студии на ФБЕ се со финансирање од страна на студентот.

Школарината за студирање се определува со конкурсот за упис на студенти на ФБЕ, врз основа на одлука донесена од Наставничкиот совет на ФБЕ и во Договорот за студирање што ФБЕ го склучува со секој студент.

Другите трошоци за студирање (заверка на семестар, упис на година, пријавување на испити, издавање диплома и уверение, промена на ментор, тема, комисија, итн.) се утврдени со Правилникот за трошоци што ги плаќаат студентите на ФБЕ.

**Член 5**

Студиските програми од првиот циклус на стручни студии и вториот циклус на специјалистички студии се организираат, координираат и реализираат од страна на Наставничкиот совет на ФБЕ.

Наставничкиот совет го сочинуваат сите лица кои се избрани во наставно звање и кои имаат засновано работен однос на ФБЕ.

**Член 6**

Наставничкиот совет во врска со првиот циклус на стручни студии и вториот циклус на специјалистички студии ги има следниве надлежности:

- го утврдува број на студенти кои се запишуваат на прв циклус на стручни студии и втор циклус на специјалистички студии, условите и критериумите за упис;

- донесува одлука за висината на школарината;
- распишува конкурс за упис на прв циклус на стручни студии и втор циклус на специјалистички студии;
- за реализација на конкурсот, именува конкурсна комисија;
- донесува студиски и предметни програми;
- донесува одлука за измена и дополнувања на постојните студиски програми;
- донесува одлука за мирување на студиските програми;
- го организира спроведувањето на наставно-образовниот процес и се грижи за остварување на наставните и научно-истражувачките планови и програми;
- го разгледува успехот на студентите и предлага мерки за негово подобрување;
- донесува мерки за работа со особено успешни и талентирани студенти;
- ги разгледува пријавите за специјалистички трудови и формира Комисија за оцена на подобност на тема за изработка на специјалистички труд;
- врз основа на извештајот на Комисијата за оцена на подобност на тема на специјалистички труд, донесува одлука за усвојување, односно неприфаќање на извештајот од Комисијата за оцена на подобноста на темата;
- донесува одлука за определување на ментор на кандидатот за изработка на специјалистички труд;
- донесува одлука за промена на ментор во постапката за изработка на специјалистички труд;
- донесува одлука за промена на комисија или член на комисија во постапката за изработка на специјалистички труд;
- врз основа на извештајот на Комисијата за оцена на подобност на тема на специјалистички труд, односно извештајот на Комисијата за оцена и одбрана на специјалистички труд донесува одлука за промена на тема, глава, наслов, итн.;
- врз основа на барање на студентот, формира Комисија за оцена и одбрана на специјалистички труд;
- донесува одлука за усвојување, односно неприфаќање на извештајот за оцена на специјалистички труд;
- донесува одлука за определување датум за одбрана на специјалистички труд;

- донесува одлука за запирање на постапка за пријава на специјалистички труд врз основа на извештајот од Комисијата за оцена на подобност на тема за изработка на специјалистички труд;
- донесува одлука за запирање постапка за стекнување звање специјалист од одредена струка, врз основа на извештајот од Комисијата за оцена и одбрана на специјалистички труд и
- врши и други работи потребни за квалитетно и непречено организирање на студиите, а кои се согласно општите акти на ФБЕ.

***УСЛОВИ И КРИТЕРИУМИ ЗА УПИС НА ПРВ ЦИКЛУС СТРУЧНИ СТУДИИ И ВТОР ЦИКЛУС СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ СТУДИИ***

**Член 7**

На прв циклус стручни студии и на втор циклус специјалистички студии може да се пријавуваат и запишуваат лица државјани на Република Македонија кои средното, односно високото образование го завршиле во Република Македонија, државјани на Република Македонија кои дел или целокупното средно, односно високо образование го завршиле во странство, со соодветна нострификација од надлежното министерство.

На ФБЕ право на упис имаат и студенти странски државјани, под исти услови како и државјаните на Република Македонија.

Одлука за висината на школарината за странските студенти донесува Наставничкиот совет на ФБЕ.

Странските државјани доставуваат и доказ познавање на нивото на јазикот на кој се изведува студиската програма утврден со Одлука од Наставничкиот совет и Конкурсот за упис.

Другите трошоци за студирање (заверка на семестар, упис на година, пријавување на испити, издавање на диплома и уверение, промена на ментор, тема, комисија, итн.) се утврдени со Правилникот за тршоци што ги плаќаат студентите на ФБЕ.

**Член 8**

Запишувањето на прв циклус стручни студии и на втор циклус специјалистички студии се врши врз основа на јавен конкурс кој го објавува ФБЕ, во кој се содржани условите и  критериумите за упис.

Конкурсот од претходниот став, се објавува во најмалку еден дневен весник што излегува во Република Македонија и на веб страната на ФБЕ.

Конкурсот се објавува на мекодонски јазик.

Ако на конкурсот во првиот уписен рок останат непополнети места, се врши запишување во втор и трет уписен рок.

**Член 9**

За реализација на конкурсот за запишување на прв циклус стручни студии и на втор циклус специјалистички студии, Наставничкиот совет на ФБЕ формира конкурсна комисија составена од 3 члена.

Конкурсната комисија од претходниот став, по завршување на уписниот период, во рок од 24 часа, ја разгледува документацијата, донесува одлука за соодветноста и компатибилноста на наставните програми од средното, односно од високото образование за упис на прв циклус стручни студии и на втор циклус специјалистички студии, прави ранг – листа на пријавените кандидати согласно успехот на претходното образование и донесува одлука за прием на кандидатите.

Ранг листата на примените кандидати од претходниот став, се објавува на огласната табла на ФБЕ.

По конечноста на постапката за селекција на пријавените кандидати, кандидатот кој остварил право на упис, но не извршил запишување во предвидениот рок, го губи правото за запишување, а правото за запишување го стекнува следниот кандидат, кој претходно не заземал место во рамките на ранг – листата, односно во одобрената квота за запишување на студенти.

**Член 10**

Кандидатот кој што смета дека постапката не е правилно спроведена или не е задоволен од резултатот добиен со селекција на кандидатите, има право на приговор до Конкурсната комисија во рок од 24 часа од денот на објавување на резултатите.

Одлуката по приговорот од претходниот став, Конкурсната комисија е должна да ја донесе во рок од три работни дена од денот на поднесувањето на приговорот и таа одлука е конечна.

**Член 11**

Конкурсната комисија на Наставничкиот совет му поднесува извештај за резултатите од запишувањето на студиските програми од првиот циклус стручни студии и од вториот циклус специјалистички студии.

Бројот на запишани студенти треба да е во согласност со кадровските, просторните и технички можности на ФБЕ, како и на општествените потреби, за што води сметка Наставничкиот совет на ФБЕ, согласно решението за акредитацијата.

**Член 12**

При запишувањето, кандидатот потпишува договор за студирање и се стекнува со статус студент на прв циклус стручни студии, односно на втор циклус специјалистички студии.

Со договорот за студирање поблиску се утврдуваат меѓусебните права и обврски меѓу студентите и ФБЕ.

***Статус на редовен, односно вонреден студент***

**Член 13**

Студентите на прв циклус стручни студии можат да се запишат како редовни или како вонредни студенти во согласност со условите определени со Конкурсот за упис, Статутот на ФБЕ и овој Правилник.

**Член 14**

Редовните студенти се запишуваат според критериумите определени со Конкурсот за упис.

**Член 15**

Како вонредни студенти може да се запишуваат кандидати кои ги исполнуваат условите за запишување и имаат склучено договор за вработување на определено, односно неопределено време, како и кандидати кои од оправдани причини не се во можност да се запишат како редовни студенти.

Како оправдани причини од претходниот став на овој член се сметаат:

- инвалид кој не е во состојба да ја посетува наставата,
- болест која оневозможува редовно следење на наставата,
- родител на дете додека трае породилното отсуство и др.

Вонредните студенти се запишуваат според исти критериуми како и редовните студенти, а се рангираат на посебна ранг листа.

При пријавувањето за упис како вонредни студенти, кандидатите поднесуваат потврда за работа и М1/М2 образец како доказ за вработувањето или лекарско уверение за причините кои го оправдуваат вонредното студирање.

**Член 16**

На барање на студентот, а заради престанок на причините поради кои студентот се запишал како вонреден студент, Директорот на ФБЕ донесува Решение за премин од вонреден во редовен студент.

На барање на студентот, а заради настапување на причини поради кои студентот преминува од редовен во вонреден студент, Директорот на ФБЕ донесува Решение за премин од редовен во вонреден студент.

Во прилог на барањето, студентот е должен да достави и соодветен доказ.

Премините од став 1 и став 2 се вршат при запишување и заверка на семестрите.

**Член 17**

Студентите на втор циклус специјалистички студии можат да се запишат во согласност со условите определени со Конкурсот, Статутот на ФБЕ и овој Правилник.

**ОРГАНИЗАЦИЈА И СТРУКТУРА НА ПРВ ЦИКЛУС СТРУЧНИ И НА ВТОР ЦИКЛУС СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ СТУДИИ**

**Член 18**

Начинот на изведување на наставата, условите за напредување во текот на студиите, начинот на проверка на знаењата, запишување на предмети и слично се утврдува во акредитираните студиски програми, Статутот на ФБЕ и овој Правилник.

**Член 19**

Јазикот на кој ќе се изведува наставата, полагањето на испитите и пишувањето на текстови е на македонски јазик.

На ФБЕ наставата може да се изведува настава и на англиски јазик или на некој друг јазик, доколку тоа е согласно акредитацијата на студиската програма.

**Член 20**

Наставата на прв циклус стручни студии и на втор циклус специјалистички студии се организира во два основни облика:

- групна настава и
- менторски принцип

**Член 21**

Групната настава претставува основен облик на организирање на студиите, при што редовните студенти на прв циклус стручни студии и студентите на втор циклус специјалистички студии имаат обврска да ја посетуваат наставата.

Наставата од претходниот став се организира и изведува врз основа на однапред утврден распоред на часови од страна на Управата на ФБЕ.

За вонредните студенти на прв циклус стручни студии и за студентите на втор циклус специјалистички студии, доколку е предвидена настава, истата се одвива во попладневните часови во работните денови, а во неработните денови во претпладневните и попладневните часови.

**Член 22**

Ако на студиската програма се запишат помалку од 10 студенти, наставата може да се организира врз основа на менторски принцип.

Одлука за организирање на менторски принцип на студирање носи Наставничкиот совет на ФБЕ.

**Член 23**

Наставата на прв циклус стручни студии и на втор циклус специјалистички студии за секој предмет одделно, ја реализира предметен наставник во областа во која е избран.

Наставата од претходниот став може да ја реализира и предметен наставник избран во звање од друга или сродна област, за што одлука за доверување настава донесува Наставничкиот совет на ФБЕ.

**Член 24**

За реализирање на наставата на прв циклус стручни студии и на втор циклус специјалистички студии за секој предмет одделно, предметниот наставник е должен да изготви наставен план (силабус), врз основа на кој ќе ја изведува наставата вклучувајќи ги предавањата, вежбите, практичната работа, менторството и сл.

**Член 25**

Предметниот наставник е должен да истакне термини за консултации за студентите и истите да бидат достапни на студентите преку јавно огласување пред кабинетот на предметниот наставник и на веб страната на ФБЕ пред почетокот на секој семестар.

Предметниот наставник е должен да одржува консултации по 4 часа неделно.

Отсуството во терминот за консултации, наставникот задолжително го најавува и го објавува на огласната табла на ФБЕ.

## ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРВ ЦИКЛУС СТРУЧНИ СТУДИИ И НА ВТОР ЦИКЛУС СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ СТУДИИ

### Член 26

Првиот циклус стручни студии и вториот циклус специјалистички студии се финансираат со средства на студентите.

Финансирањето на студентите може да биде и од други извори во вид на стипендии, донации и др.

Студентите во текот на студирањето плаќаат школарина, при што висината на школарината се утврдува со одлука на Наставничкиот совет, со конкурсот и во договорот за студирање што ФБЕ го склучува со секој студент.

Останатите трошоци како што се пријава на испит, упис и заверка на семестар, индекс, осигурување, издавање на документи и јавни исправи, промена на ментор, продолжување на статус на студент, итн. се утврдени со Правилникот за трошоци на ФБЕ.

ФБЕ може со одлука на Директорот да додели целосна или делумна стипендија.

Директорот на ФБЕ може со договорот за студирање да определи попуст на школарината на студентите за тековната година на студирање.

## УПИС НА АКАДЕМСКА ГОДИНА И ЗАПИШУВАЊЕ И ЗАВЕРКА НА СЕМЕСТРИ

### Член 27

Уписот на академската година, запишувањето и заверката на семестрите, како и испитните сесии, државните празници и неработните денови на ФБЕ се утврдуваат во Студентскиот календар на ФБЕ кој се донесува со одлука од страна на Наставничкиот совет на ФБЕ, најдоцна 1 месец пред почетокот на академската година.

Студентскиот календар од претходниот став, задолжително се објавува на веб страната на ФБЕ.

Студентите запишуваат семестри и академски години.

Активен статус на студент имаат студентите кои редовно запишуваат и заверуваат семестри и академски години.

Запишувањето и заверката на семестрите студентот е должен да ги врши сé додека не заврши со студиите.

Уписот на академската година, запишувањето и заверувањето на семестрите се врши согласно роковите утврдени со Студентскиот календар.

За секое задоцнување, студентот е должен да плати одреден надомест утврден со Правилникот за трошоци на ФБЕ.

На барање на студентот, а заради постоење на оправдана причина, на студентот може да му се одобри уписот на академската година, како и запишувањето и заверувањето на семестрите со задоцнување да ги изврши без надоместот од претходниот став, за што одлучува Директорот на ФБЕ.

Редовните студенти, за да запишат погорна година, освен условите предвидени со закон, Статутот на ФБЕ и овој Правилник, задолжително посетуваат и пракса со времетраење од најмалку еден месец во приватниот, односно јавниот сектор во областа во која студираат.

При запишувањето на погорна година, студентите задолжително доставуваат и Дневник за пракса.

Редовните студенти од став 9 кои не посетувале пракса, немаат право да запишат погорна година.

**Член 28**

За да може студентот да запише погорен семестар, должен е претходно да го има заверено претходниот семестар.

Заверката на семестарот се врши врз основа на претходно реализирани активности и обврски за секој предмет одделно, врз основа на кои добиваат потпис од предметниот наставник.

Доколку е предвидено со студиската, односно предметната програма, редовните студенти се должни да ги посетуваат, односно да ги извршуваат сите облици на настава, за што може да се добијат соодветен број на поени.

Евиденцијата за присуство и за активности на час се изразува во поени, при што повеќе отсуства во тековниот семестар за секој предмет посебно, има за последица од недобивање потпис во индекс и губење на правото за полагање на испитот во редовните сесии.

Одлука за мерките за редовно посетување на наставата и бројот на отсуства во тековниот семестар, како услов за добивање потпис, како и условите под кои покрај отсуствата ќе се дозволи полагање на испитите и заверка на семестрите донесува Наставничкиот совет на ФБЕ, пред почетокот на студиската година.

## ДРУГИ ПРАВА НА СТУДЕНТИТЕ

### *Мирување на обврските на студентот*

### *Член 29*

На студентот, по негово барање, му мируваат обврските во следниве случаи:

- за време на бременост;
- за студент со дете до една година старост;
- за време на болест во времетраење од еден семестар или подолго;
- поради семејни причини (издржување на лица од потесното семејство, болест, помош и нега на лица од потесното семејство, елементарни непогоди поврзани со живеалиштето, односно престојувалиштето на студентот и др.)
- за време на подготовка и настапи на спортски настани кога студентот има статус на член на репрезентацијата на Република Македонија;
- поради неможност за исполнување на финансиските обврски и
- во други случаи утврдени со закон, овој Статут и со општите акти на ФБЕ.

За мирување на обврските од став 1 на овој член, студентот поднесува барање до Директорот на ФБЕ.

Кон барањето за мирување на обврските доставува и соодветна документација.

Лица од потесно семејство во смисла на став 1, точка 4 се сопружниците, родителите, браќата и сестрите на студентот и лицата со кои студентот живее/престојува, односно имаат иста адреса на живеење/ престојување.

Студентот е должен да го активира статусот на студент во рок од 15 дена по престанокот на причините за мирување.

Студентот на кој му мируваат обврските за студирањето, а мирувањето е за период од една година, должен е по истекот на рокот од 1 година, да побара продолжување на мирувањето на обврските, доколку причините сé уште траат.

За времетраењето на мирувањето на обврските, на студентот му мируваат сите права и обврски, вклучувајќи ги и финансиските обврски.

Доколку студентот ги нема подмирено заостанатите финансиски обврски спрема ФБЕ, не може да му се дозволи мирување на обврските од студирањето.

### *Активирање на статусот студент*

### *Член 30*

Се смета дека студентот нема статус на активен студент, доколку не запишал и заверил повеќе од два семестри.

За да го активира статусот, студентот е должен да ги подмири сите заостанати финансиски обврски согласно овој Правилник и Правилникот за трошоци на ФБЕ.

***Премин од една на друга студиска програма и пренесување на кредити***

**Член 31**

Студентот може да премине и да пренесе кредити од една на друга студиска програма на прв циклус стручни студии, односно на втор циклус специјалистички студии во рамките на ФБЕ или од други високообразовни установи.

За преминувањето и за пренесување на кредитите од една на друга студиска програма, како и за компатибилноста на предметите, одлучува Конкурсната комисија од член 9, став 1.

Преминувањето и пренесувањето на кредитите може да се врши во рамките на првиот циклус, односно во рамките на вториот циклус специјалистички студии.

Преминување и пренесување на кредити од втор циклус академски-постдипломски студии на втор циклус специјалистички студии не може да се реализира.

**Член 32**

Во постапката за признавање на положените испити и пренесувањето на кредити, признавањето на секој испит одделно може да биде целосно или делумно.

Кај целосното признавање на испитите и пренесувањето на кредитите, а при премин од една на друга студиска програма, за еден предмет положен на едната студиска програма, може да се пренесе и друг број на кредити соодветни на студиската програма на која преминува студентот и тоа ако предметите од двете студиски програми имаат иста содржина или се со висок степен на компатибилност, но носат различен број на кредити од студиската програма на која се признава испитот и се пренесуваат кредитите.

Делумното признавање се врши за секој испит одделно.

Конкурсната комисија, во соработка со предметниот наставник на соодветниот предмет, утврдува кои од предметите ќе ги признае делумно за кои студентот ќе треба да исполни дополнителни активности до целосно признавање на испитот и стекнување на предвидениот број на кредити за одделниот предмет.

Дополнителните активности од претходниот став предвидуваат изработка на семинарски труд за подрачјето кое треба да се признае, делумно полагање на одделни теми итн., за што одлучува предметниот наставник.

*Мобилност на студентите*

**Член 33**

Студентите имаат право и можност да запишат и полагаат предмети на други високообразовни установи и установи кои вршат високообразовна дејност од земјата и странство врз основа на програма за мобилност на студенти.

Условите и начинот на остварување на мобилност на студентите се остварува врз основа на правилник со кој се уредува мобилноста на студентите и акти склучени помеѓу ФБЕ и другата/другите високообразовни установи, односно установи кои вршат високообразовна дејност.

*Паралелно студирање*

**Член 34**

Студентот може да студира на две студиски програми од прв и втор циклус (паралелно студирање) на една или повеќе високообразовни установи.

Паралелното студирање, студентот може да го оствари доколку истото не влијае на исполнување на обврските на студентот предвидени на двете студиски програми.

Правото на паралелно студирање студентот може да го оствари во следниве случаи:

- при запишување во прва година, со тоа што поднесува пријава за упис и потребна документација согласно конкурсот на двете студиски програми;
- при запишување во секоја наредна година, со тоа што студентот поднесува пријава за упис и потребна документација согласно конкурсот за студиската програма за која се пријавува за паралелно студирање;
- при запишување во нареден семестар, со поднесување на пријава за упис и потребна документација, за што одлучува надлежното министерство за водење на високото образование.

Студентот кој студира паралелно, плаќа школарина на ФБЕ согласно конкурсот за упис.

Правата и обврските помеѓу студентот и ФБЕ се регулираат со договор за студирање.

*Остварување и заштита на правата на студентите*

**Член 35**

За остварување на правата на студентот, одлучува Директорот на ФБЕ или комисија формирана од Директорот на ФБЕ, освен за прашањата за кои е поинаку утврдено со овој Правилник.

Барањето за остварување на некое свое право, студентот го поднесува до Директорот на ФБЕ.

Доколку оцени, Директорот или Комисијата од став 1 на овој член, може да побара соодветна документација на увид.

Директорот, односно Комисијата одлучува во рок од 30 дена од приемот на барањето.

Доколку Директорот, односно Комисијата не одлучи во рокот утврден во претходниот став, студентот има право првиот нареден ден барањето да го поднесе до Управата на ФБЕ, која е должна да одлучи на првата наредна седница од приемот на барањето.

Доколку студентот не е задоволен од одлуката на Директорот, односно на Комисијата, има право на приговор до Управата на ФБЕ, која е должна да одлучи на првата наредна седница од приемот на барањето.

Одлуката на Управата од став 5 и 6 е конечно.

Во име и за сметка на студентот, барањето за остварување на некое право може да го поднесе и некое друго лице, врз основа на овластување дадено од страна на студентот.

**Член 36**

Барањата за издавање на реални и управни акти, кои се водат согласно Законот за општата управна постапка, односно барањата за остварување заштита на правата и правните интереси на студентите подлежат на административна такса согласно Законот за административни такси, освен барањата за оригинални уверенија, оригинални дипломи, како и за други дејствија за кои не се плаќа такса согласно закон, освен за нивните дупликати и преписи.

***Право на увид во студентското досие***

**Член 37**

Право на увид во студентското досие има студентот.

Право на увид во студентското досие во име на студентот, има и неговиот родител, старател или трето лице, врз основа на овластување дадено од студентот.

***Издавање на потврди***

**Член 38**

Студентот има право да поднесе барање за издавање на потврда за статусот на студент, при што за остварување на ваквото право, барањето го поднесува до Директорот на ФБЕ, кој е должен во рок од 7 дена да му издаде потврда за статусот на студент.

Потврда за статусот на студент може да биде издадена и од страна на лице овластено од Директорот на ФБЕ.

На барање на студентот, може да му се издаде и извештај со оценки, во кои се наведени сите облици на активност за секој положен предмет.

Извештајот за оценки е составен дел на овој Правилник (Прилог 1), но истиот може да биде издаден и во друга форма, за што одлучува Директорот на ФБЕ, односно лицето овластено од Директорот на ФБЕ, а согласно потребите на студентите.

**НАПРЕДУВАЊЕ НА СТУДЕНТОТ**

**Член 39**

Студентите напредуваат во студиите преку полагање на испитите за предвидените предмети и преку исполнување на обврските предвидени со студиската програма.

На особено успешните и талентирани студенти, кои имаат просечен успех од најмалку 8,5, може да им се дозволи полагање на уште еден испит дополнително од погорниот семестар, но само во редовните испитни сесии.

Полагањето на уште еден испит дополнително од претходниот став е дозволено само доколку се положени сите претходно предвидени испити согласно студиската програма.

За полагање на уште еден испит дополнително, студентот поднесува барање до Директорот на ФБЕ, при што одлуката на Директорот е конечна.

**ИСПИТЕН РЕЖИМ И ОЦЕНУВАЊЕ НА ПРВ ЦИКЛУС СТРУЧНИ СТУДИИ**

***Пријава на испит***

**Член 40**

За да добие право за полагање на испитот, студентот е должен претходно да го пријави испитот.

Пријавата за испит на прв циклус стручни студии претставува стандардизиран образец чија форма и содржина ја утврдува Директорот.

Пријавата од претходниот став е составен дел на овој Правилник (Прилог 2).

Пријавата за испит студентот ја поднесува до Службата за студентски прашања, заедно со уплата за испит согласно Правилникот за трошоци на ФБЕ и административна такса согласно Законот за административни такси, во претходно утврдени рокови за пријавување на испитите.

За задоцнето пријавување на испитите, студентот е должен да плати надоместок согласно Правилникот за трошоци на ФБЕ.

***Испитни рокови***

**Член 41**

Испитните рокови се одвиваат во редовни и вонредни сесии.

Редовните испитни сесии се организираат во следните сесии:

- февруари и март за зимскиот семестар,
- јуни и септември за летниот семестар.

Вонредните испитни сесии се утврдуваат дополнително со одлука на Наставничкиот совет на ФБЕ.

Термините и роковите за пријавување и полагање на испитите се утврдуваат во студентскиот календар кој се носи пред почетокот на наредната академска година.

На барање на студентите, а согласно Правилникот за трошоци на ФБЕ, може да се дозволи полагање на испитите и надвор од утврдените термини.

**Член 42**

На барање на вонредните студенти, може да се дозволи и предвремено полагање на испитите за вонредните студенти и тоа во декемвриската испитна сесија за предметите од зимскиот семестар и предвремено полагање на испитите во мајската испитна сесија, за предметите од летниот семестар во тековната академска година.

Одлука за предвремено полагање на испитите од зимскиот и летниот семестар во тековната академска година донесува Наставничкиот совет на ФБЕ.

***Полагање на испити или делови од испити***

**Член 43**

Проверката на знаењата на студентите се врши преку полагање на испити или делови од испити и преку полагање на коловиуми.

Испитите, односно колоквиумите се изведуваат на писмен начин или на друг начин утврден во елаборатот на студиската програма.

Делови од испитите кај делумно признаените испити се изведуваат на писмен начин или на друг начин претходно определен од страна на предметниот наставник.

**Член 44**

Испитите, односно колоквиумите се полагаат на семестрално ниво.

Услов за полагање на испитите од тековниот семестар и испитите кои не се положени од претходните семестри е задолжителна заверка на семестар и подмирени финансиски обврски спрема ФБЕ.

За вонредните студенти, во случај на предвремено полагање на испитите, потребно е финансиските обврски спрема ФБЕ, да бидат подмирени.

**Испитен режим и оценување на редовните студенти**

**Член 45**

Редовните студенти испитите можат да ги полагаат преку колоквиуми, освен ако нешто друго не е определено со елаборатот за акредитација.

За да ги положат испитите преку колоквиуми, редовните студенти имаат обврска да положат два колоквиуми за секој испит одделно, освен ако нешто друго не е определено со елаборатот за акредитација.

Доколку ги положат колоквиумите и заедно со останатите облици на активност утврдени во член 46, го освојат потребниот минимум на поени за положување на испитите, ги пријавуваат во првата редовна сесија, во тековниот семестар, освен ако нешто друго не е определено со елаборатот за акредитација.

Доколку студентот не ги пријави положените испити преку колоквиуми во првата редовна сесија во тековниот семестар, во однапред дадениот рок за пријавување, оценката нема да се регистрира и ќе се смета дека студентот не го полагал испитот.

**Член 46**

Оценувањето на колоквиумите во редовните испитни сесии се изведува со доделување на поени за секој облик на активност со проверка на знаењето во текот на семестарот и на крај се утврдува крајната оценка (прв колоквиум, втор колоквиум, редовност и активност).

Бодовниот систем за предметите положени преку колоквиум, освен ако нешто друго не е определено со елаборатот за акредитација, се пресметува на следнив начин:

- прв колоквиум - max. 40 поени,
- втор колоквиум - max. 40 поени,
- редовност - max. 10 поени и
- активност - max. 10 поени

**Член 47**

Оценувањето на испитите во редовните испитни сесии за редовните студенти се изведува со доделување на поени за одредени облици на активност и проверка на знаењето во текот на семестарот и на крај се утврдува крајната оценка.

Бодовниот систем за предметите положени преку испит на цел материјал во редовните сесии, освен ако нешто друго не е определено со елаборатот за акредитација, се пресметува на следниот начин:

- Финален испит - max. 80 поени
- редовност - max. 10 поени и
- активност - max. 10 поени

**Член 48**

Испитите положени во вонредните испитни сесии се оценуваат само преку полагање на финален испит кој носи 100 поени.

Редовноста и активноста при полагање на испитите во вонредните испитни сесии како облик на активност повеќе не важат.

**Испитен режим и оценување на вонредните студенти**

**Член 49**

Вонредните студенти испитите ги полагаат на цел материјал и за нив не е дозволено полагање на испитот преку колоквиуми, освен ако нешто друго не е определено со елаборатот за акредитација.

Испитот носи максимум 100 поени во редовните и во вонредните испитни сесии, освен ако нешто друго не е определено со елаборатот за акредитација.

**Член 50**

Финалната оценка за редовните, односно за вонредните студенти се креира врз основа на системот на оценување утврден во член 56, а врз основа на вкупниот збир од претходно наведените облици на активност, освен ако нешто друго не е определено со елаборатот за акредитација.

**Член 51**

Како дел од облик на активност, во случај на полагање на испитот или дел од испитот, предметниот наставник може да му определи на студентот изработка на семинарски труд/студија на случај.

Семинарскиот труд/студијата на случај од претходниот став, се изработува врз основа на Упатството за изработка на семинарски труд/студија на случај кој е составен дел на овој Правилник (Прилог 3).

## ИСПИТЕН РЕЖИМ И ОЦЕНУВАЊЕ НА ВТОР ЦИКЛУС СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ СТУДИИ

***Пријава на испит***

**Член 52**

За да добие право за полагање на испитот, студентот е должен претходно да го пријави испитот.

Пријавата за испит претставува стандардизиран образец чија форма и содржина ја утврдува Директорот.

Пријавата од претходниот став е составен дел на овој Правилник (Прилог 4).

Пријавата за испит студентот ја поднесува до Службата за студентски прашања, заедно со уплата за испит согласно Правилникот за трошоци на ФБЕ и административна такса согласно Законот за административни такси.

**Член 53**

Проверката на знаењата на студентите запишани на втор циклус специјалистички студии се врши преку полагање на испити или делови од испити.

Испитите, односно деловите од испитите се изведуваат на усмен начин или на друг начин утврден во елаборатот на студиската програма.

За да се пристапи кон испитот, студентот треба да изработи семинарски труд/студија на случај, кој ќе биде прифатен од страна на предметниот наставник.

Доколку студентот полага само дел од испит, во случај на делумно признат испит, предметниот наставник одредува дали студентот треба да изработи семинарски труд/студија на случај или друга форма на испитна обврска или директно ќе пристапи кон усмениот дел од испитот.

**Член 54**

Испитните прашања за полагање на испитите се однесуваат на целокупниот материјал од односниот предмет, при што оценката од усмениот дел носи 60%, а семинарскиот труд/студијата случај 40% од оценката, освен ако нешто друго не е определено со елаборатот за акредитација.

Финалната оценка за студентите на втор циклус специјалистички студии се креира согласно системот на оценување утврден во член 56, а врз основа на вкупниот збир од претходно наведените облици на активност од став 1 на овој член.

Испитните прашања за полагање на дел од испитите, во случај на делумно признат испит, се однесуваат само на оној материјал утврден од страна на предметниот наставник.

**Член 55**

Семинарскиот труд/студијата на случај претставува самостојно истражување на студентот под менторство на предметниот наставник и истиот треба да биде изработен согласно Упатството за изработка на семинарски труд кое е составен дел на овој Правилник (Прилог 5).

По утврдувањето на тема за семинарски труд по односниот предмет, студентот го најавува полагањето на испитот по електронски пат до Службата за студентски прашања, при што согласно рокот утврден во студентскиот календар, студентот поднесува пријава за испит, каде го впишува предметот кој треба да го полага и насловот на семинарскиот труд/студијата на случај.

Прифаќањето на семинарскиот труд/студијата на случај претставува услов за полагање на испитот или дел од испитот по односниот предмет.

Предметниот наставник по односниот предмет е должен најдоцна во рок од 15 дена да му достави одговор на студентот со евентуални забелешки.

Студентот има право да врши корекции на дадените суштински забелешки по семинарскиот труд/студијата на случај најмногу до 3 пати, по што испитот ќе се смета за неположен и ќе се оцени со оценка 5 (пет) кој означува недоволен успех.

Студентот има право по поднесувањето на пријавата за испит по односниот предмет, да го полага испитот во рок од 120 дена.

По истекот на рокот од претходниот став, за полагање на испитот или дел од испитот по односниот предмет, ќе се смета дека испитот не е положен и ќе се оцени со оценка 5 (пет) кој означува недоволен успех, при што студентот е должен повторно да го пријави истиот, но со определување на нова тема за семинарски труд/студија на случај.

По внесувањето на оценката во пријавата и по административната процедура за заверка на оценката, студентот добива право за повторно пријавување на испитот и повторно одредување на тема за семинарски труд/студија на случај по односниот предмет.

***Систем на оценување***

**Член 56**

Системот на оценување преку поени е изразен на следниов начин:

| | |
|---|---|
| < 50= | F- 5 |
| 50- 60= | D- 6 |
| 61- 70= | C- 7 |
| 71- 80= | B- 8 |
| 81- 90= | A- 9 |
| 91- 100= | A+ - 10 |

***Просечен успех***

**Член 57**

Просечниот успех на студентот претставува аритметичка средина на оценките од завршното оценување по сите наставни предмети во текот на студиите.

***Приговор и комисиско полагање***

**Член 58**

Ако студентот не е задоволен од завршното оценување, може да поднесе приговор до Директорот на ФБЕ во рок од 24 часа од денот на објавување на резултатите од испитот.

Ако истекувањето на рокот од претходниот став е во неработен ден, тогаш студентот го поднесува приговорот првиот работен ден.

Директорот го доставува приговорот до предметниот наставник кој треба да ја преиспита оценката во рок од 3 работни дена.

Наставникот може да ја потврди оценката или да ја промени.

Потврдувањето, односно промената на оценката од претходниот став, предметниот наставник ја запишува во пријавата со назнака: „се потврдува добиената оценка _____“ и датумот на потврдувањето со своерачен потпис или „се менува добиената оценка во ____“ и датум на промената и своерачен потпис.

Ако студентот не е задоволен од одлуката на предметниот наставник, може да поднесе барање до Директорот на ФБЕ да го поништи испитот и да го полага комисиски, наредниот работен ден.

Комисијата за полагање на испитот е составена од 3 членови, при што најмалку 2 членови мора да бидат од иста или сродна научна област.

Одлука за составот на Комисијата носи Директорот на ФБЕ, при што во составот на Комисијата не влегува предметниот наставник.

Оценката на Комисијата е конечна.

Комисијата за текот на испитот, поставените прашања и начинот на оценување изготвува записник.

Студентот може да го повлече приговорот, при што Директорот на ФБЕ носи решение со која се запира постапката за комисиско полагање на испитот по односниот предмет.

**Член 59**

Ако предметниот наставник 2 пати го оцени испитот или дел од испитот на студентот со оценка 5 (пет), студентот може да поднесе барање до Директорот на ФБЕ за комисиско полагање на испитот.

Ако студентот поднесе барање за комисиско полагање на испитот, тогаш соодветно се применуваат одредбите од член 58, став 6, 7, 8, 9 и 10.

***Обврски на наставникот при спроведување на испитите***

**Член 60**

Предметниот наставник е должен да го отстрани студентот од полагање на испитот, доколку оцени дека студентот недолично се однесува, го попречува текот на испитот, ги попречува другите студенти или користи недозволиви помагала.

Во случаите од претходниот став на овој член, предметниот наставник е должен да покрене дисциплинска постапка.

**ПОСТАПКА ЗА ПРИЈАВА И ОЦЕНА НА ДИПЛОМСКИ ТРУД**

**Член 61**

Дипломскиот труд е самостоен стручен труд на студентот, со која се систематизираат постојните научни и стручни знаења и/или се придонесува за решавање на проблемите во практиката.

**Член 62**

Студентот може да пријави дипломски труд по положување на сите предвидени испити согласно студиската програма и по исполнување на сите обврски спрема ФБЕ, вклучувајќи ги и финансиските обврски.

Пријавата за дипломски труд е составен дел на овој Правилник (Прилог 6).

**Член 63**

Дипломскиот труд се изработува врз основа на Упатството за изработка на дипломски труд на ФБЕ, кое е составен дел на овој Правилник (Прилог 7).

**Член 64**

Насловот и тезите на дипломскиот труд ги предлага предметниот наставник, односно менторот од избраната област во договор со студентот.

**Член 65**

Дипломскиот труд студентот го брани пред комисија составена од двајца членови, од кои еден член е менторот.

Вториот член го бира менторот во согласност со областа на темата.

По завршување на менторската фаза, менторот го доставува трудот на увид до вториот член на комисијата.

Членот на комисијата од став 2 е должен во рок од 7 дена да го прегледа трудот и да му даде на студентот евентуални забелешки доколку има.

Студентот е должен во рок од 15 дена да постапи по евентуалните забелешки и да го достави трудот на повторен увид до членовите на комисијата.

Доколку не го достави трудот во рокот од претходниот став, студентот е должен за тоа да ги извести членовите на комисијата, при што рокот може да му се продолжи за дополнителни 15 дена.

Доколку студентот не го достави трудот и со така определениот рок утврден во претходниот став, комисијата носи одлука за запирање на постапката за одбрана на дипломскиот труд.

По донесувањето на одлуката од страна на комисијата, студентот се здобива со право повторно да пријави дипломски труд со друга тема и кај друг ментор согласно Правилникот за трошоци на ФБЕ.

**Член 66**

По завршување на менторската фаза, менторот во договор со студентот и со Службата за студентски прашања го определува денот на одбраната на дипломскиот труд.

Одбраната на дипломскиот труд е јавна и се состои во усна презентација на трудот пред членовите на комисијата и пред присутните лица.

Комисијата од член 65, став 1 по одбраната на дипломскиот труд, ја оценува усната презентација и трудот на студентот со оценка од 5 до 10, при што оценката 5 значи дека дипломскиот труд не е успешно одбранет.

Во случај кога дипломскиот труд е оценет со оценка 5, на студентот му се дава право повторно да го брани дипломскиот труд во рок од 15 дена.

Доколку и во така дадениот рок, студентот не го одбрани дипломскиот труд, не може да пријави нов труд и му престанува статусот на студент.

## ПОСТАПКА ЗА ПРИЈАВА И ОЦЕНА НА СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ ТРУД

### Член 67

Специјалистичкиот труд е самостоен стручен труд на студентот, со која се систематизираат постојните научни и стручни знаења и се придонесува за решавање на проблемите во практиката.

### Член 68

Студентот може да пријави специјалистички труд по положување на сите предвидени испити согласно студиската програма.

### Член 69

Пријавувањето, изработката и одбраната на специјалистичкиот труд опфаќа:

- пријавување на тема;
- пишување на трудот;
- поднесување на изработениот труд и
- јавна одбрана на специјалистички труд.

### Член 70

Пријавата на темата за изработка на специјалистичкиот труд содржи:

- наслов на темата;
- барање од кандидатот до Наставничкиот совет на ФБЕ;
- кратка биографија на кандидатот;
- образложение на стручната оправданост на трудот (вовед, теоретска содржина, предмет и цели на истражувањето, формулирање на истражувачки прашања и/или хипотези на истражување);
- методи и техники на истражување;
- очекувани резултати;

- план за работа (работна содржина на специјалистичката теза) и
- предлог почетна литература.

Пријавата на специјалистичкиот труд се изработува врз основа на Упатството за изработка на пријава за специјалистички труд на ФБЕ, кое е составен дел на овој Правилник (Прилог 8).

Пријавата студентот ја доставува во 4 еднообразни примероци до Наставничкиот совет на ФБЕ.

**Член 71**

Наставничкиот совет на ФБЕ формира Комисија за оцена на подобност на тема за изработка на специјалистички труд составена од три члена, при што најмалку 2 членови се од иста или сродна научна област од која е пријавената тема за оценка на подобност на темата.

Комисијата од претходниот став е должна во рок од 30 дена од денот на поднесување на пријавата да поднесе извештај за подобност на тема за изработка на специјалистички труд до Наставничкиот совет на ФБЕ и да предложи ментор.

Извештајот од претходниот став го усвојува Наставничкиот совет на ФБЕ и донесува одлука за прифаќање на тема за изработка на специјалистички труд и определување на ментор.

Насловот на прифатениот труд и изборот на ментор се објавува во Билтенот на ФБЕ.

Ако Наставничкиот совет на ФБЕ не го прифати извештајот на Комисијата, донесува одлука за запирање на постапката, односно за прифаќање на темата за изработка на специјалистички труд и определување на ментор.

**Член 72**

По предлог на Комисијата за оцена на подобност на тема за изработка на специјалистички труд, Наставничкиот совет на ФБЕ може да побара од студентот да ја измени или доработи предложената тема.

Студентот е должен да постапи согласно насоките на Наставничкиот совет на ФБЕ во рок од 15 дена од денот на враќањето на пријавата.

На барање на студентот, рокот определен во претходниот став може да се продолжи за дополнителни 30 дена.

Ако Наставничкиот совет на ФБЕ врз основа на Извештајот на Комисијата за оцена на подобност на тема за изработка на специјалистички труд не ја прифати темата

или студентот не постапи по забелешките во определениот рок се запира постапката за пријава на специјалистички труд и за тоа се известува студентот.

Студентот има право уште еднаш да поднесе пријава за специјалистички труд со нова тема, при што за постапката за пријава на специјалистички труд соодветно се применуваат одредбите од член 70 и 71 на овој Правилник.

Ако Наставничкиот совет на ФБЕ негативно ја оцени новата тема или студентот не постапи по забелешките во определениот рок од став 2 на овој член, се запира постапката за стекнување соодветно звање специјалист од одредена струка кое се користи покрај стручниот назив стекнат на стручните студии или академските студии од прв циклус, а на кандидатот му престанува статусот на студент.

За одлуката од претходниот став, се известува студентот.

**Член 73**

Ако Комисијата за оцена на подобност на тема за изработка на специјалистички труд не поднесе извештај во рок од 30 дена, комисијата треба да го извести Наставничкиот совет на ФБЕ за причините за доцнење.

Доколку не го стори тоа или ако Наставничкиот совет на ФБЕ не ги прифати причините како оправдани се формира нова комисија за оцена на подобност на тема за изработка на специјалистички труд, во состав целосно различен од претходниот.

Ако се прифатат причините од став 1 на овој член се даваат дополнителни 30 дена на истата Комисија за изготвување на извештај за оцена на подобност на темата.

## ИЗРАБОТКА НА СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ ТРУД

**Член 74**

Студентот стекнува право да го предаде изработениот специјалистички труд по завршувањето на менторската фаза и подмирување на финансиските обврски, согласно договорот за студирање и Правилникот за трошоци на ФБЕ.

Студентот го поднесува специјалистичкиот труд во 5 еднообразни примероци, со барање за формирање комисија за оцена и одбрана на специјалистички труд.

Специјалистичкиот труд се изработува согласно Упатството за изработка на специјалистички труд кое е составен дел на овој Правилник (Прилог 9).

**Член 75**

Наставничкиот совет на ФБЕ на првата седница по прием на барањето од претходниот член формира Комисија за оцена и одбрана на специјалистички труд.

Комисијата од претходниот став е составена од 3 члена, од кои 2 члена мора да бидат од иста или сродна научна област.

Наставничкиот совет на ФБЕ во одлуката за формирање на Комисијата од став 1, назначува претседател на Комисијата.

Комисијата е должна да поднесе Извештај за оцена на специјалистички труд и предлог за определување термин за одбрана на специјалистички труд до Наставничкиот совет на ФБЕ во рок од 30 дена од денот на формирање на Комисијата.

Доколку Комисијата не поднесе извештај во рокот определен во претходниот став, Комисијата треба да го извести Наставничкиот совет на ФБЕ за причините за доцнење.

Доколку не го стори тоа или Наставничкиот совет не ги прифати причините како оправдани, се формира нова комисија за оцена и одбрана на специјалистички труд, во состав целосно различен од претходниот.

Ако се прифатат причините од став 5 на овој член се даваат дополнителни 30 дена на Комисијата за поднесување извештај за оцена на трудот.

Одлука за усвојување на извештајот за оцена на специјалистички труд донесува Наставничкиот совет на ФБЕ.

По усвојувањето на извештајот од Комисијата за оцена и одбрана на магистерски труд, во рок не подолг од 45 дена, Наставничкиот совет на ФБЕ донесува одлука за определување датум за одбрана.

**Член 76**

По предлог на Комисијата за оцена и одбрана на специјалистички труд, а врз основа на Извештајот за оцена на специјалистички труд, Наставничкиот совет на ФБЕ може да побара од студентот да го измени или доработи специјалистичкиот труд.

Студентот е должен да го измени или доработи трудот согласно дадените забелешки од Наставничкиот совет во рок од 30 дена.

Ако студентот не постапи по забелешките во определениот рок, Комисијата за оцена и одбрана на специјалистички труд до Наставничкиот совет на ФБЕ поднесува Извештај за оцена на специјалистички труд со предлог за запирање на постапка за стекнување звање специјалист од определена струка.

Ако Наставничкиот совет на ФБЕ го прифати Извештајот на Комисијата за оцена и одбрана на специјалистички труд, донесува одлука за запирање на постапка за стекнување звање специјалист од одредена струка, а на кандидатот му престанува статусот на студент.

За одлуката од претходниот став, се известува студентот.

**Член 77**

По барање на студентот, рокот за доработка може да се продолжи за дополнителни 90 дена, за што одлука донесува Комисијата за оцена и одбрана на специјалистички труд.

Доколку студентот не постапи согласно дадените забелешки и во рокот определен во претходниот став, постапката за стекнување звање специјалист од одредена струка се запира на начин утврден како во член 76, став 3, 4 и 5.

**ЈАВНА ОДБРАНА НА СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ ТРУД**

**Член 78**

Одбраната на специјалистичкиот труд е јавна и се врши во просториите на ФБЕ.

Одбраната се одржува најрано 45 дена, а најдоцна 60 дена по прифаќање на Извештајот на комисијата за оценка на специјалистички труд, односно најрано 7 дена, а најдоцна 30 дена од Одлуката за определување на датум за одбрана на специјалистички труд.

Соопштението за одбрана на специјалистички труд се објавува на веб - страната и на огласна табла на ФБЕ, најдоцна 7 дена пред датумот за одбрана на специјалистички труд.

**Член 79**

Одбраната ја отвора претседателот на Комисијата за оцена и одбрана на специјалистички труд со воведен збор, запознавање на присутните со биографските податоци на кандидатот, со хронологијата на постапката за стекнување соодветно звање специјалист од одредена струка, односно пријавата на темата, заклучок од извештајот за оцена на темата, заклучок од извештајот за оценка на специјалистички труд.

Претседателот на комисијата го повикува кандидатот да го презентира трудот, а по презентацијата им дава збор на другите членови на Комисијата да го изнесат своето мислење за трудот.

По активностите од претходниот став, членовите на Комисијата му поставуваат прашања на кандидатот.

Освен членовите на комисијата, прашања може да му постават и другите присутни лица на одбраната, во писмена форма преку претседателот на Комисијата за оцена и одбрана на специјалистички труд.

За текот на одбраната се води записник кој го потпишуваат сите членови на Комисијата за оцена и одбрана на специјалистички труд.

По завршување на одбраната на специјалистичкиот труд, Комисијата врз основа на одлука за успехот на одбраната на специјалистичкиот труд, јавно ја соопштува оценката која гласи “го одбрани” или “не го одбрани” специјалистичкиот труд.

Одлуката од претходниот став се донесува со мнозинство гласови од членовите на Комисијата за оцена и одбрана на специјалистички труд.

Ако се донесе одлука која гласи “не го одбрани” специјалистичкиот труд, одбраната може да се повтори само уште еднаш и тоа во рок од 90 дена од денот на одбраната.

Ако и во вториот рок, кандидатот не го одбрани специјалистичкиот труд, Комисијата за оцена и одбрана на специјалистичкиот труд донесува одлука со која се запира постапката за стекнување звање специјалист од одредена струка, врз основа на која на студентот му престанува статусот на студент.

За одлуката од претходниот став, се известува студентот.

## ПРОМЕНА НА МЕНТОР, КОМИСИЈА, ЧЛЕН НА КОМИСИЈА, ТЕМА, НАСЛОВ И СТРУКТУРА НА ДИПЛОМСКИ, ОДНОСНО НА СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ ТРУД

***Промена на ментор***

**Член 80**

Во текот на изработката на дипломскиот, односно на специјалистичкиот труд, а заради оправдани причини, може да се направи промена на ментор.

Менторот на дипломскиот, односно на специјалистичкиот труд може да се промени врз основа на барање на студентот, а заради оправдани причини, согласно Правилникот за трошоци на ФБЕ.

Како оправдани причини од претходниот став се наведуваат неетичко однесување од страна на менторот, неефикасна комуникација помеѓу кандидатот и менторот (ненавремена електронска коресподенција, ненавремено или одложено давање на евентуални забелешки на веќе испратен материјал, неодржување на консултации и др.)

Барањето за промена на ментор се поднесува до Директорот на ФБЕ за промена на ментор на дипломскиот труд, односно до Наставничкиот совет на ФБЕ за специјалистичкиот труд.

**Член 81**

Промена на ментор може да се направи и доколку на менторот му престанал работниот однос на ФБЕ.

Директорот, односно Наставничкиот совет на ФБЕ за промена на менторот на дипломскиот, односно на специјалистичкиот труд донесува одлука за промена на ментор, врз основа на престанок на работниот однос на менторот поради исполнети услови за пензија, во рок кој не може да биде подолг од 90 дена.

**Член 82**

Промена на ментор може да се направи во случај на породилно отсуство, болест, користење на неплатено отсуство и во други случаи, за што одлучува Директорот, односно Наставничкиот совет на ФБЕ во рок кој не може да биде подолг од 90 дена.

**Член 83**

Промена на ментор може да се направи и врз основа на барање од менторот, а заради оправдани причини.

Како оправдани причини од претходниот став, се наведуваат неетичко однесување од страна на студентот, неефикасна комуникација помеѓу студентот и менторот (ненавремена електронска коресподенција, ненавремено или одложено давање корекции на евентуални забелешки на веќе испратен материјал и др.)

Барањето за промена на ментор се поднесува до Директорот на ФБЕ за промена на ментор на дипломскиот труд, односно до Наставничкиот совет на ФБЕ за специјалистичкиот труд.

Во случај на промена на ментор врз основа на барањето од став 1, студентот се задолжува да плати надоместок во согласност со Правилникот за трошоци на ФБЕ.

***Промена на комисија или член на комисија***

**Член 84**

Во текот на постапката за дипломскиот, односно за специјалистичкиот труд, а заради оправдани причини, може да се направи промена на целата комисија или на членови на комисијата.

Како оправдани причини од претходниот став се наведуваат: неетичко однесување од страна на комисијата или член на комисијата, неефикасна комуникација помеѓу кандидатот и комисијата или член на комисијата (ненавремено одговарање на електронска коресподенција, ненавремено или одложено давање на евентуални забелешки на веќе испратен материјал, неодржување на консултации и др.), престанок

на работниот однос на комисијата или на член на комисијата, престанок на работниот однос на комисијата или на член на комисијата поради исполнети услови за пензија, користење на породилно отсуство, болест, користење на неплатено отсуство и во други случаи.

Доколку студентот бара промена на комисијата или на членови на комисијата, тоа го прави во согласност со Правилникот за трошоци на ФБЕ.

Доколку членот, односно членовите на комисијата бараат промена на комисијата, заради причините наведени во став 2 на овој член, освен во случај на престанок на работниот однос на комисијата или на член на комисијата, престанок на работниот однос на комисијата или на член на комисијата поради исполнети услови за пензија, користење на породилно отсуство, болест, користење на неплатено отсуство и во други случаи, студентот се задолжува да плати надоместок за промена на комисија, односно за член на комисија, согласно Правилникот за трошоци на ФБЕ.

Барањето за промена на комисија или членови на комисијата, студентот, односно членот на Комисијата го доставува до Директорот за дипломскиот труд, односно до Наставничкиот совет за специјалистичкиот труд.

Одлука за промена на комисијата или членови на комисијата донесува Директорот, односно Наставничкиот совет на ФБЕ.

***Измена на темата или на насловот дипломскиот, односно на специјалистичкиот труд***

**Член 85**

Во текот на постапката за изработка на дипломски, односно за специјалистички труд, а на барање на студентот, менторот или комисијата, може да се направи измена темата или на насловот на темата на дипломскиот, односно на специјалистичкиот труд.

Измена може да се направи и на структурата на специјалистичкиот труд согласно усвоената пријава за специјалистички труд.

Измената од претходниот став е можна доколку не отстапува повеќе од 30% од усвоената пријава за специјалистички труд и доколку не настанат измени во основната хипотеза и главната цел на специјалистичкиот труд.

Одлука за измена на насловот на трудот донесува Директорот за дипломскиот труд, односно Наставничкиот совет на ФБЕ за специјалистичкиот труд, врз основа на барањето на студентот за измена на насловот на трудот и оправдано образложение од страна на менторот.

Одлука за измена на структурата на специјалистичкиот труд, доколку измената отстапува повеќе од 30% од усвоената пријава за специјалистички труд, донесува

Наставничкиот совет на ФБЕ, врз основа на барањето на студентот за измена на структурата на специјалистичкиот труд.

Барањето од став 4 и 5, студентот го поднесува во согласност со Правилникот за трошоци на ФБЕ.

Одлуката за измена на насловот на специјалистичкиот труд се објавува во Билтенот на ФБЕ.

За останатите измени во структурата на специјалистичкиот труд од став 2 и 3, одлучува менторот и/или комисијата на специјалистичкиот труд.

## ДИПЛОМА, ДОДАТОК НА ДИПЛОМА И ДРУГИ ЈАВНИ ИСПРАВИ

**Член 86**

Содржината и формата на дипломата, додатокот на дипломата и на другите јавни исправи (уверение, индекс и студентска легитимација) е утврдена со Правилник кој го донесува надлежното министерство за водење на високо образование.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 87**

Автентично толкување на одредбите од овој Правилник дава Наставничкиот совет на ФБЕ.

**Член 88**

Овој Правилник влегува во сила од денот на донесувањето.

**Член 89**

Со денот на влегување во сила на овој Правилник, престануваат да важат одредбите од Правилникот за студирање на прв циклус на студии и на специјалистички студии на ПВУ-ВСШ ”Факултет за бизнис економија” во Скопје со арх. број 02-454/1 од 02.10.2013 година.

Директор,

д-р Биљана Ѓозинска